**УЖ-2.бр.209/2020**

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД во совет составен од судиите: Владанка Панчурова - Сулејманова - претседател на советот, Емрије Зубери и Дијана Димитрова - членови на советот, со записничар Ивица Наумоски - судски соработник, судски соработник, одлучувајќи по жалбата на Државна комисија за решавање на жалби по јавни набавки, изјавена преку Државниот правобранител за подрачје Скопје, против Пресудата на Управниот суд У-5.бр.664/2019 од 21.11.2019 година, за јавна набавка, на седницата на советот одржана на ден 11.05.2021 година, донесе:

П Р Е С У Д А

Жалбата на Државна комисија за решавање на жалби по јавни набавки, изјавена преку Државниот правобранител за подрачје Скопје, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Пресудата на Управниот суд У-5.бр.664/2019 од 21.11.2019 година, СЕ ПОТВРДУВА.

О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со Пресуда У-5.бр.664/2019 од 21.11.2019 година тужбата на тужителот СТЕРНА ДОО од Скопје, ја уважил и оспореното Решение на Државна комисија за жалби по јавни набавки бр.08-139/9 од 06.03.2019 година го поништил.

Против пресудата на Управниот суд жалба изјави тужениот орган преку Државниот правобранител за подрачје Скопје, поради суштествени повреди на одредбите од постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог жалбата да се уважи, пресудата на Управниот суд да се поништи.

Вишиот управен суд, по проучување на списите по предметот, наводите во жалбата, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 354 став 1 од Законот за парнична постапка најде:

Жалбата на тужениот орган е неоснована.

Од увидот во списите на предметот Управниот суд утврдил дека договорниот орган Министерство за финансии на Република Македонија спровел постапка за јавна набавка со Отворена постапка за набавка на стоки - изнајмување на мултифункциски машини со обезбедување на потрошни материјали, за што претходно била донесена Одлука за спроведување на јавна набавка бр.03-8040/1 од 30.11.2018 година објавена на ЕСЈН и во „Службен весник на Република Македонија" и во Службено гласило на ЕУ. Видно од објавениот оглас, набавката не била делива, а договорниот орган во тендерската документација и огласот предвидел дека како критериум за избор ќе се користи најниската цена, постапката ќе се спроведе во електронска форма и ќе заврши со спроведување на е-аукција. Од понудувачите било побарано да достават Изјава за независна понуда, Изјава за сериозност и 5% Гаранција на понудата. До крајниот рок за поднесување на понудите - 04.02.2019 година во 10:00 часот пристигнале вкупно 5 понуди, за што бил составен Записник од отворање на понуди бр.03-1936/1 од 04.02.2019 година.

Незадоволен од содржината на Тендерската документација, поточно точката 2.4.1 - минимални услови за утврдување на техничката и професионалната способност и точките 9.3 и 9.5 - гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот, економскиот оператор СТЕРНА ДОО од Скопје поднел жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки, која со оспореното Решение бр.08-139/9 од 06.03.2019 година делумно ја уважила и Тендерската документација и постапката по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.21/2018 за набавка на стоки - изнајмување на мултифункциски машини со обезбедување на потрошни материјали на договорниот орган Министерство за финансии на Република Македонија, ги поништила. Ова како резултат на фактот што било утврдено дека жалбените наводи по однос на точката 2.4.1 од Тендерската документација биле неосновани, од причина што бараниот услов во оваа точка не ја ограничувал конкуренцијата, бидејќи е во согласност со членот 153 став 1 точка 3 од Законот за јавните набавки - која одредба е воопштена и не го определува бројот на ангажиран технички персонал, а исто така било утврдено дека договорниот орган при изготвувањето на тендерската документација постапил и согласно членот 32 ставови 1 и 2 и член 152 ставови 1 и 2 од Законот за јавните набавки. По однос на жалбениот навод за точките 9.3 и 9.5 од Тендерската документација тужениот орган ги уважил жалбените наводи, од причина што формулацијата на овие точки била спротивна на членот 48 ставови 5 и 6 од Законот за јавните набавки, односно важноста на банкарската гаранција била определена спротивно на цитираната законска одредба т.е. во конкретниот случај важноста на банкарската гаранција била предвидена со важност од најмалку 25 месеци сметано од денот на потпишувањето на договорот со можност за пролонгирање во случај на промена на важноста на договорот и

истата се враќала на носителот на набавката во рок од 14 дена од денот на истекот на важноста на договорот, додека во членот 48 став 5 е предвидено Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот треба да е со важност до целосно реализирање на договорот за јавна набавка и истата се враќа во рок од 14 дена од денот на целосното реализирање на договорот за јавна набавка.

Незадоволен од вака донесеното решение тужителот СТЕРНА ДОО од Скопје повел управен спор пред Управниот суд кој со Пресуда У-5.бр.664/2019 од 21.11.2019 година истата ја уважил и оспореното решение на тужениот орган го поништил.

Вишиот управен суд најде дека пресудата на Управниот суд е правилна и законита.

Согласно членот 2 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија“ број 136/2007 ... 165/2017 и 83/2018), со овој закон особено се обезбедува конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки и рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавна набавка.

Според член 3 точка 11 од истиот закон, тендерска документација е збир на документи, информации и услови кои претставуваат основа за изготвување, доставување и оценување на пријавата за учество, односно понудата. Согласно точките 18 и 24 од истиот член, понуда е предлог од понудувачот изготвен врз основа на тендерската документација и претставува основа за доделување на договорот за јавна набавка, додека прифатлива понуда е понуда која е поднесена во утврдениот рок и за која е утврдено дека во потполност ги исполнува сите барања од тендерската документација и техничките спецификации и одговара на сите критериуми, условите и евентуалните барања за способноста на понудувачите.

Согласно членот 32 став 1 од истиот закон, договорниот орган е должен во тендерската документација да ги наведе барањата, условите, критериумите и други неопходни информации, со цел да му обезбеди на економскиот оператор целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за доделување на договор за јавна набавка.

Според членот 48 ставови 5 и 6 од Законот за јавните набавки, гаранцијата за квалитетно извршување на договорот треба да е со важност до целосно реализирање на договорот за јавна набавка и истата му се враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена од денот на целосното реализирање на договорот за јавна набавка.

Согласно членот 153 став 1 точка 3 од Законот за јавните набавки, во постапките за доделување на договор за јавна набавка на стоки, техничката и професионалната способност на економскиот оператор може да се докаже и со изјава за ангажиран технички персонал и технички органи без оглед на тоа дали тие непосредно му припаѓаат на економскиот оператор.

Вишиот управен суд по извршениот увид во списите по предметот утврди дека Управниот суд правилно заклучил кога прифатил дека тужениот орган со оспореното решение го повредил законот на штета на тужителот. Имено, од извршениот увид во списите кон предметот, како и согласно цитираните законски одредби, правилно Управниот суд утврдил дека по однос на содржината на точките 9.3 и 9.5 од Тендерската документација со кои се регулира прашањето за гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на работите од договорот, истите се оформени спротивно на членот 48 ставови 5 и 6 од Законот за јавните набавки во делот на важноста на гаранцијата и нејзиното враќање на носителот на набавката, а од причини што законски е предвидено гаранцијата за квалитетно извршување на договорот да е со важност до целосно реализирање на истиот и да се врати на носителот во рок од 14 дена од целосната реализација на договорот, додека во точките 9.3 и 9.5 од Тендерската документација е предвидено гаранцијата да е со важност од најмалку 25 месеци сметано од денот на потпишувањето на договорот со можност за пролонгирање во случај на промена на важноста на договорот и истата се враќала на носителот на набавката во рок од 14 дена од денот на истекот на важноста на договорот. Исто така, правилно судот оценил кога прифатил дека за точката 2.4.1 од Тендерската документација – техничка и професионална способност, содржината на оваа точка не е во согласност со членот 152 и член 153 став 1 точка 3 од Законот за јавните набавки, бидејќи законската одредба во овој аспект не ограничува т.е. не предвидува конкретен број, ниту одреден минимум или максимум на ангажирани лица, што значи е воопштено формулирана, односно ставен е акцент на исполнувањето на условите во поглед на ангажираноста на техничкиот персонал без да индицира конкретен број на ангажирани лица, што значи дека сепак на крај важен е резултатот од работата на ангажираниот персонал, без оглед на тоа колкав е нивниот број. Согласно наведеното, при повторното постапување и одлучување тужениот орган ќе треба во целост да постапи согласно напатствијата дадени во пресудата на овој суд и Управниот суд, па со правилно и целосно утврдување на фактичката состојба на работите и согласно цитираната законска регулатива, да донесе правилна и законита одлука.

Вишиот управен суд при одлучувањето ги ценеше жалбените наводи на тужениот орган но наоѓа дека истите се неосновани и не се од влијание за поинакво одлучување. Управниот суд при одлучувањето дал

доволно образложени причини за решителните факти од кои се раководел при донесувањето на пресудата, а со кое образложение во целост се согласува и овој суд.

Вишиот управен суд одлучи како во изреката на пресудата согласно член 357 од Законот за парнична постапка и член 7-а од Законот за управните спорови.

Пресудено во Виш управен суд на ден 11.05.2021 година под УЖ-2.бр.209/2020.

Записничар - судски соработник
Ивица Наумоски с.р.

Претседател на совет - Судија
Владанка Панчурова Сулејманова с.р.

/ИК

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува
Судски службеник